**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

10.05.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 2367 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал пет лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани само две лица. Поради тоа, на 26.04.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2151/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 04.05.2018 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани достави до Агенцијата <u>Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 30.04.2018 година,</u> издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија, и четири <u>договори на дело</u> склучени помеѓу радиодифузерот и четири физички лица, а на 10.05.2018 година достави уште еден договор на дело склучен со уште едно физичко лице. Од доставената документација е видно дека во телевизијата се вработени вкупно шест лица, од кои три со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.